Слободан ДИМИШКОВСКИ

## ВО ЧЕЛНИОТ СТРОЈ НА АНТИФАШИСТИЧКАТА БОРБА

Денот на победата 9 мај 1945 година, чиј четириесетгодишен јубилеј го прославуваме денес, означи еден мошне значаен меѓник во современата историја — крај на шестгодишниот воен пожар што го запалија фашистичките сили и во чиј вител беа вовлечени 61 држава со преку две милијарди население. По бројот на човечките жртви и човечките маки и страдања, Втората светска војна беше една од најсуровите војни што човештвото ги водело во својата досегашна историја. Во неа животот го загубија над 50 милиони луѓе а 25 милиони беа ранети и осакатени.

Во таа крвава пресметка со една од најмрачните сили во историјата на човештвото — фашизмот, југословенските народи и народности предводени од КПЈ и другарот Тито, и покрај хаотичната ситуација во земјата и наспроти профашистичките определби на владите на повеќето европски земји и наши соседи, одлучно застанаа во челниот строј на антифашистичките сили и во таа крвава борба, Југославија, по СССР и Полска, поднесе најголеми човечки загуби и материјални разурнувања. Во неа животот го загубија 1.706.000 Југословени, или секој десетти Југословен, додека воените загуби на Југославија, не сметајќи ги СССР и Полска, изнесува 25% од вкупните воени загуби на 18 сојузнички земји вклучувајќи ги тука и САД, Велика Британија, Франција, Канада и други. Овие податоци сами за себе сосема аргументирано говорат за местото и улогата на Југославија во борбата против фашизмот, и нејзиниот мошне крупен придонес во победата на силите на антихитлеровската коалиција.

Горди сме на тоа херојско дело на југословенските народи и народности и токму поради тоа, бранејќи ја историската вистина за местото и улогата на својата земја во борбата против фашизмот, нашите народи и народности се мошне чувствителни на обидите на некои наши сојузници од Втората светска војна, кои, поради тесни дневно-политички и блоковски интереси, одвреме навреме, настојуваат да го намалат значењето на нашата народноослободителна борба, и нашата четиригодишна оружена

борба да ја изедначуваат со силите на отпорот во некои европски и нам соседни земји, па дури и со оние кои до самиот крај на војната верно му служеа на Хитлер и на неговите мрачни цели.

Во тој поглед посебно огорчување предизвикуваат обидите на нашиот источен сосед — НР Бугарија, која во тоа време беше една од државите окупатори на нашата земја што применуваше најжесток терор против цивилното население и ослободителните сили во Македонија и Србија — тој свој национален срам за сојузништво и слугувањето на фашизмот да го избрише со фалсификување на историските факти и денес на светот да му се претставува во најмала рака „ослободител" на Југославија, па и на Европа.

Неспорлива историска вистина е, меѓутоа, дека за разлика од многу други европски и нам соседни земји, Југославија со КПЈ и другарот Тито на чело, беше единствена земја во тогаш поробената Европа, која 1941 година, имаше храброст и сила да крене рака на тогаш моќниот Фирер, и истиот ден кога Хитлер го нападна Советскиот Сојуз да издаде проглас за кревање на оружено востание. И не само тоа. Она што Југославија ја чини посебен феномен во борбата против фашизмот, меѓу другото, е и тоа што таа фактички водеше не една, туку две војни против фашизмот. Првата — краткотрајна во април 1941 година, и втората — четиригодишна народноослободителна војна. Иако меѓу овие две војни постојат суштествени разлики, сепак нивна заедничка карактеристика е што обете беа резултат на одлучноста на југословенските народи и народности со оружје в рака да им се спротивстават на фашистичките освојувачи.

Имено, како што е познато, владејачките кругови на Кралството Југославија носено од своите класни интереси го избраа патот на „мир и пријателство" со фашистичките сили, и го прифатија барањето на Хитлер за пристапување кон Тројниот пакт. За разлика од многу европски и нам соседни земји, југословенските народи и народности предводени од КПЈ и другарот Тито, со масовниот отпор против Тројниот пакт и предвавството на земјата, кој особено дојде до израз на 27 март 1941 година, најдоа сили тие самите да го определат местото на својата земја во тој светски судир кој се повеќе се разгоруваше. Тој отпор на југословенските народи и народности и пресвртот во југословенската политика по мартовските настани, не беше само некој моментален блесок во темнината на фашистичкиот „нов поредок", туку тој отпор имаше многу потрајни и пошироки воено-политички последици. Поради овој пркос на југословенските народи и народности, Хитлер истиот ден донесе одлука што побргу и со најголема жестокост на силата на оружјето да ја покори Југославија. Таа одлука на Хитлер, и подоцна кратко-

трајната априлска војна, имаа за последица одложување на нанападот на Советскиот Сојуз кој беше планиран за 15 мај 1941 година. А тоа поместување на нападот на СССР од 15 мај на 22 јуни го доби својот епилог есента 1941 година, кога, неподготвени за воени дејства во услови на сурова руска зема, германските единици пред Москва го доживееја и својот прв пораз во Втората светска војна.

Оружената борба на југословенските народи и народности и создавањето на оружените сили на Југославија 1941 година, во време кога фашистичките сили беа на врвот на својата моќ, доведе до тоа, наместо од Југославија да црпи дополнителна енергија за дивјачка војна што ја водеше, Југославија неочекувано за Хитлер и неговите сојузници — стана ново војувалиште — нов специфичен фронт во Европа.

Таквиот развој на настаните во Југославија го принудија Хитлер и неговите сојузници — фашистичка Италија и Бугарија — против Народноослободителната војска на Југославија да ангажираат крупни воени единици, за во крв да го задушат едно од најразбунтуваните жаришта на антифашистичката борба во Европа. Тој нов специфичен фронт во Европа кон крајот на 1941 година, во времето на битката за Москва, врзуваше за себе 6 комплетни германски дивизии, 17 италијански, 5 бугарски и една унгарска, кои не можеа да бидат упатени на другите сојузнички фронтови.

Тешките борби на НОВЈ против бројните и добро вооружени окупаторски и квислиншки сили продолжија и во текот на 1942 година. Најкрупен воен настан во оваа година беше походот на пролетерските бригади кон западна Босна и Хрватска под непосредно раководство на другарот Тито. Во овој период, кој траеше се до крајот на 1942 година, пролетерските бригади заедно со босанските и хрватските бригади и партизанските одреди уништија бројни непријателски сили и ги ослободија Коњиц, Прозор, Дувно, Ливно, Мркоњиќ-град, потоа Јајце, Бихаќ, Слуњ, Велика Кладуша, Цазин и други места. Со тоа во Југославија беше создадена единствена слободна територија во тогаш поробената Европа од околу 50.000 квадратни километри. Кон крајот на 1942 година оружените сили на народноослободителното движење, кои прераснаа во регуларна армија, имаа во својот состав околу 150.000 борци формирани во корпуси, дивизии и партизанските одреди.

Кон крајот на 1942 и почетокот на 1943 година развојот на настаните на другите фронтови, посебно на советско-германскиот фронт, како главен фронт во текот на Втората светска војна, веќе настојуваше јасна перспектива во победата на силите на антихитлеровската коалиција. Битката на Волга и

поразот на германските трупи во оваа битка означи пресвртница во Втората светска војна и преземање на стратегиска иницијатива од страна на Црвената армија.

Поради широките размери на ослободителната борба во Југославија и проценките за можното влијание на југословенското војниште без очекуваната инвазија на сојузниците во Јужна Европа, во летото 19943 година, германските и италијанските окупатори со помош на квислинзите презема крупни офанзивни операции спрема слободната територија во западна Босна и Хрватска со цел да ја уништат „Титовата држава". Во рамките на оваа офанзива се одиграа и двете најдраматични битки во нашата народноослободителна војна — битката на Неретва и Сутјеска, во кои народноослободителната војска на Југославија ги издржа најголемите искушенија и ги потврди вредностите на својата организација, а особено вредностите на воената вештина на нашиот Врховен командант — другарот Тито.

Оценувајќи ја силата и значењето на југословенското народноослободително движење, кон крајот на 1943 година германската Врховна команда заклучува: „Крајот на 1943 година во значителна мера го зголеми воено-политичкото и стратегиското значење на Титовото движење во општата сојузничка стратегија, а со тоа и неговото признавање како самостојна завојувана сила".

За да ги поврати загубените воено-стратегиски позиции во Југославија, германската Врховна команда во првата половина на 1944 година, презеде низа офанзивни операции против народноослободителната војска на Југославија, вклучувајќи го тука и подрачјето на Македонија и југоисточна Србија, каде во почетокот на 1944 година, беа развиени три мошне крупни жаришта на народноослободителната борба: едното на подрачјето меѓу Куманово, Врање и Црна Трава, второто околу Дебарца, струшка Малезија и Преспа и третото во Тиквешијата. Од овие реони бројните единици на народноослободителната војска деноноќно ги напаѓаа германските, бугарски и други квислиншки сили, а особено окупаторските транспорти кои минуваа низ Вардарско -Моравската долина и комуникациите кои од Албанија водат кон Скопје.

Кон средината на 1944 година, веќе беше начната завршната етапа на Втората светска војна. Црвената армија во своите офанзивни операции што ги започна во почетокот на годината се доближуваше кон границите на Романија и старата полско-советска граница, а англо-американските трупи го пробија германскиот фронт во Италија и се истоварија во Нормандија. Во тоа време НОВ веќе имаше 39 дивизии и 12 корпуса со вкупно 390.000 добро вооружени борци.

Според тоа, за разлика од речиси сите други европски земји, Југославија во последната етапа на Втората светска војна не влезе како окупирана земја, чиј народ би очекувал ослободување од големите сојузници, придонесувајќи кон тоа ослободување со разни облици на отпор. Она што Југославија ја издвојува од сите други европски и нам соседни земји е фактот дека Југославија во завршната битка за национално и социјално ослободување влезе со сите атрибути на организирана држава — со нова народна и револуционерна влада и нова народна и револуционерна армија. Тоа беше нова Југославија чии темели беа поставени со историските одлуки на АВНОЈ на 29 ноември 1943 година.

Тргнувајќи од проценката на развојот на операциите на европското војниште, Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ веќе во пролетта 1944 година започна со разработката на својот стратегиски план за премин на првата етапа од завршните операции за конечно ослободување на земјата. Другарот Тито уште тогаш, при крајот на пролетта 1944 година, бил уверен дека Црвената армија нема да застане во својот победоносен поход на Запад, и дека победите на нејзиното јужно крило кое настапува кон Романија, ќе ја поткопа германската одбрана на Балканот што ќе доведе до исфрлување од војната на германските сателити — Романија и Бугарија.

Затоа, веќе во јули 1944 година, по наредба на Врховниот штаб, крупни сили на НОВ влегоа во битка за Србија. Покрај 6 дивизии и повеќе партизански одреди, на тлото на Србија во таа битка беа ангажирани уште 11 дивизии. Во моментот кога овие сили овладеаја со значителен дел од територијата на Србија, Тито на 21 септември 1944 година, во својство на претседател на НКНО на Југославија, во Москва постигна согласност со Врховната команда на Црвената армија за заедничките операции на тлото на Југославија. Во тоа време на Балканот се наоѓаа импозантни германски сили од околу еден милион војници под команда на фелдмаршалот Вајкс. И покрај неповолната ситуација на фронтот во Романија, Хитлер не дозволил благовремено извлекување на групата армии „Е“ од Грција која, со поседнувањето на порано предвидениот фронт на линијата Ѓердап — Ниш — северна Албанија, би можела макар за кратко време да ја консолидира германската одбрана на Балканот.

Во таква ситуација смислата на согласност меѓу маршал Тито и Врховната команда на Црвената армија за заедничките операции во делот на Србија и Војводина, беше во тоа, по поразот на германските трупи во Романија и испаѓањето на Романија и Бугарија од осовинскиот табор не само што не се дозволи формирање на нов фронт на Балканот, зашто неговото разбивање би барало повеќе време и повеќе жртви, туку и затоа што

со тоа во значителна мерка би се успорило темпото на советската офанзива низ Унгарија и низ Австрија и Чехословачка — на правецот на главната цел — уништување на Германија.

Неколку дена по спогодбата на Врховната команда на Ц. А., другарот Тито во Крајова ја прифати молбата на Отечествениот фронт на Бугарија, дел од реорганизираната бугарска армија да учествува во заедничките операции на дел од југословенската територија. Другарот Тито како осведочен борец за соработката и единство на балканските народи ја прифати оваа молба главно од две причини — прво, со тоа да се придонесе за меѓународната афирмација на нова Бугарија, и второ, на нова Бугарија да и се даде можност колку толку да го ублажи националниот срам за се она што бугарските фашистички сили го направија во својата тригодишна окупација во Македонија и делови на Србија

Во октомври 1944 година, единиците на Црвената армија и силите на НОВЈ ја разбија германската одбрана на југословенско -бугарската граница, ги пресекоа комуникациите во долината на реката Морава и го ослободија главниот град — Белград. Во тие операции беше разбиена главнината на германскита армија „Србија". Со тоа групата армии „Б" беше доведена во мошне тешка положба и беше принудена водејќи тешки борби да се извлекува преку Македонија, Косово, Црна Гора и Босна. Така, до крајот на 1944 година беа целосно ослободени Македонија и Србија, Црна Гора и значителни делови на Босна и Херцеговина. Тогаш главнината на нашата армија повторно го презеде целото југословенско војниште и формира свој сопствен фронт. По извршените подготовки во март 1944 година, југословенската армија помина во завршна офанзива во која успеа да ја разбие балканската групација од преку 300.000 германски и квислиншки војници, принудувајќи ги на целосна капитулација. Со тоа целата територија на Југославија, вклучувајќи ги и областите кои по 1918 година беа анкетирани од страна на Италија.

Во оваа четиригодишна крвава војна југословенските народи и народности, потпирајќи се во прв ред врз сопствените сили, ги извојуваа сите битни општествени придобивки врз кои денес се засновува самоуправна социјалистичка и неразвиена Југославија и врз кои се темели нашата иднина и нашата перспектива. Братството, единството и рамноправноста на нашите народи и народности, социјализмот, независноста и самостојноста на земјата, кои беа втемелени во нашата НОБ, беа и останаа оние чинители кои ни овозможија во повоениот развој — во изминатите 40 години — да оствариме крупни резултати во материјалната изградба на земјата, во културната преобразба на нашето општество и во револуционерното менување на општествените односи во правец на сè понепосредна власт на работничката класа.

Организатор и стратег на сите наши победи во војната беше другарот Тито. Тој ја подготви Партијата за судбоносни настани, и тој го искова нејзиното единство и нејзината револуционерна дејност. Оттука, овие денови кога се навршуваат пет години од неговата смрт, Денот на победата е и посебна прилика да му ја искажеме длабоката благодарност на сите наши народи за неговото херојско и неуништиво дело.

Четириесетгодишниот јубилеј на победата над фашизмот е и прилика да се потсетиме и на некои искуства здобиени во судбоносниот судир со најмрачните сили кои се појавиле на историската сцена. Многу од нив секако имаат трајно значење, но во оваа прилика би спомнале само едно: Втората светска војна покажа дека секоја сила и насилство без оглед на техничките средства со кое се служат и на нивната моќ немаат перспектива ако народот и прогресивните сили одлучно им се спротивстават. А тоа значи дека народ кој е подготвен и одлучен да се брани не може да биде победен. Врз тие искуства се темели и нашта современа концепција чии вредности беа потврдени во НОБ.